С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 16 година XLIII

19 септември 2007

157.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за одржување на спомениците и спомен обележјата на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за одржување на спомениците и спомен обележјата на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/1
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Вра основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја („Сл. весник на РМ“ бр.66/04), член 36, став1 ,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување („Сл гласник на Општина Велес“ бр. 2/04),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година донесе

О Д Л У К А
за одржување на спомениците и спомен-обележјата на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го задолжува Јавното комунално претпријатие „Дервен“ – Велес да ги одржува спомениците и спомен-обележјата на територијата на Општина Велес.

Член 2

Одржувањето на спомениците и спомен-обележјата подразбира нивно чистење, чистење и одржување на јавно-прометната површина околу нив и во нивната непосредна околина, како и уредување и одржување на зеленилото и урбаната опрема што се во непосредна близина на споменикот или спомен-обележјето.

Член 3

Одржувањето на спомениците и спомен-обележјата ЈКП „Дервен“ ќе го врши согласно оперативните планови за чистење и перење на улиците во градот.

Одржувањето на спомениците и спомен-обележјата што се наоѓаат надвор од подрачјето што го опфаќа Програмата за чистење на јавно-прометни површини ќе се врши два пати годишно и по потреба пред обележување на историскиот настан.

Член 4

Одржувањето на спомениците и спомен-обележјата на територијата на Општина Велес ЈКП „Дервен“ ќе ги извршува во рамките на Програмата за чистење на јавно-прометни површини и Програмата за уредување и одржување на градското зеленило.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука е листата на споменици и спомен-обележја што се наоѓаат на територијата на Општина Велес.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/1
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

158.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/2
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04 и 127/06), член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за авто –такси превоз на патници во Општина Велес („Сл гласник на Општина Велес“бр. 4/05,1/07 и 5/07) се врши измена во членот 15 каде броевите „01.08.“ се бришат и се заменуваат со броевите „31.12.“

Член 2

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 0701-3952/2
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

159.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/3
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/3
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) , член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година ("Сл. гласник на Општина Велес" бр.22/06 и15/07)се врши измена:

во глава IV -ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ пред табела расходи се додава нова која гласи:

	П Р И Х О Д И	**58.560.000,00**
1.	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	18.000.000,00
2.	Средства од надоместок за користење на такси станици и автобуски постројки	600.000,00
3.	Средства од надоместок за користење на рекламни паноа	1.440.000,00
4.	Средства од побарувања од минати години	100.000,00
5.	Средства од Републиката:	
	-средства од фондот за магистрални и регионални патишта	9.584.287,00
6.	Средства од буџетот на општината	9.742.831,00
7.	Комунални такси за паркирање на возила	500.000,00
8.	Приходи од јавно осветлување	15.500.000,00
9.	Пренесен вишок од претходна година	3.092.882,00

2.Во табела „РАСХОДИ" се врши следната измена:

· Во позиција Ф –„Урбано планирање" износот од „19.750.000,00" се брише и се заменува со „19.820.000,00" , а во позиција ФА „Уредување на водовод, фекална и атмосферска канализација" износот од „8.300.000,00" се брише и се заменува со „8.370.000,00", а во точка 1 после зборовите „Превалец крак" се додаваат зборовите„ и атмосверска канализација", а износот од „700.000,00" се брише и се заменува со „770.000,00".

· Во позиција Ј „Комунални дејности" износот од „38.810.000,00" се брише и се заменува со „38.740.000,00", а во позиција ЈД4 „Изградба на потпорни ѕидови" износот од „2.320.000,00" се брише и се заменува со „2.250.000,00", понатаму во точка 5 зборовите „Васил Ѓоргов" се бришат и се заменуваат со зборовите „ул.Родна Ивева од бр.82 до бр.88", а износот од „100.000,00" се брише и се заменува со „30.000,00".

3.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3952/3
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

160.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/4
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/4
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 44, став1 од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година(„Сл гласник на Општина Велес“бр. 20/06 и 15/07) во табеларниот дел „Активности 2007“ се вршат следните измени и дополнувања:

-I МАНИФЕСТАЦИИ

Во реден број 18 „VI Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“, во колоната „Донација од холандска амбасада“ износот „200.000“ се заменува со 118.720, а во колоната „Вкупно“ износот „1.300.000“ се заменува со „1.218.720“.

Во реден број 33 „Поддршка на ЗГ од областа на културата“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холандска амбасада“ износот „15000“ се брише, а во колоната „вкупно“ износот „30.000“ се заменува со „15.000“.

Во реден број 34 „Негување на културата традицијата и обичаите на заедниците“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холандска амбасада“ износот „50.000“ се брише, а во колоната „вкупно“ износот „70.000“ се заменува со „20.000“.

Во реден број 36 „Презентација на велешката култура во странство, изложба на уметнички дела, гостување на КУД“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холандска амбасада“ износот „55.000“,се брише, од колоната „Други извори“ износот „60.000“ се брише и во колоната вкупно износот „ „55.000“ се брише.

Во реден број 38 „Обележување и организиран дочек на Нова Година“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холандска амбасада“ се внесува износот „400.000“, а во колоната „Општина Велес“ износот „500.000“ се заменува со „100.000“,

Во позицијата „Вкупно“ глава I Манифестации во колоната „Донација од холандска амбасада“ износот „450.000“се заменува со „678.720“, во колоната „Општина Велес“ износот „2.970.000“ се заменува со „2.570.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „4.270.000“ се заменува со „4.068.720“.

.

- II ИНВЕСТИЦИИ

Во реден број 2 „ Изработка и поставување на скулптури во просторот, изработка на скулптура на заштитен знак, изработка на мурали на фасади низ градот (по Програма за изградба на споменици) “ во колоната „Предвидени средства – Донација од холандска амбасада“ износот „300.000“ се заменува со „290.880“, а во колоната „вкупно“ износот „300.000“ се заменува со „290.880“.

Во реден број 3 „ Адаптирање на зградата на поранешен ЦДТ за библиотека “ се брише во целост.

Во позицијата „Вкупно“ глава II Инвестиции се вршат следните измени: во „Предвидени средства –Донација од холандска амбасада“ износот„700.000“ се заменува со „290.880“,а износот од колоната „Вкупно“ „800.000“ се заменува со „390.880“.

- III ТАНСФЕР НА СРЕДСТВА

Во реден број 1 „Наменска дотација библиотека“ во колона „ Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „300.000“ се заменува со “226.000“, а во колона „вкупно“ износот „300.000“ се заменува со “226.000“.

Во реден број 3 „Наменска дотација музеј“ во колона „ Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „1.000.000“ се заменува со “755.000“, а во колона „вкупно“ износот „1.000.000“ се заменува со “755.000“.

После реден број 4 се додава нова позиција „ред. бр 5 – Блок дотација – библиотека и музеј“.Во колона „ Предвидени средства од Министерство за култура “ се внесува износот „2.021.000“ и во колона „Вкупно се внесува износот „2.021.000“

Во позицијата „Вкупно“ Трансфер на средства, во колона „ Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „1.300.000“ се заменува со “3.002.000“, а во колона „вкупно“ износот „2.092.600“ се заменува со “3.794.600“.

Во позициите „се вкупно“ на крајот на табеларниот преглед се вршат следните измени:

Во колоната Предвидени средства од Министерство за култура “ износот „2.120.000“ се заменува со “3.822.000“ во колоната „Донација од холандска амбасада“ износот „1.180.000“ се заменува со „969.600“, во колоната „Општина Велес“ износот „3.770.000“ се заменува со „3.370.000“, а износот од колоната „Вкупно“ „7.862.600“ се заменува со „8.954.200“.

Член 2

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година во табеларниот дел „Активности 2008“ се вршат следните измени и дополнувања:

- МАНИФЕСТАЦИИ

Во реден број 12 „45-ти Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства – донација од холандска амбасада “200.000“ се заменува со „300.000“, а во колоната „вкупно“ износот „600.000“ се заменува со „700.000“.

Во реден број 14 „V Меѓународен фолклорен фестивал “во колоната „Предвидени средства – донација од холандска амбасада“„200.000“ се заменува со „300.000, а во колоната „вкупно“ износот „700.000“ се заменува со „800.000“.

Во реден број 16 „IV-та Сликарско копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ во колоната „Предвидени средства – донација од холандска амбасада“ износот „100.000“ се заменува со „174.400“, а во колоната „вкупно “износот „400.000“ се заменува со „474.400“.

Во позицијата „Вкупно“ глава I Манифестации се вршат следните измени: во „Предвидени средства – Донација од холандска амбасада“ износот „1.180.000“ се заменува со „1.454.400“, а износот од колоната „Вкупно“ „5.610.000“ се заменува со „5.884.400“.

Во позициите „се вкупно“ на крајот на табеларниот преглед се вршат следните измени:

- во „Предвидени средства –Донација од холандска амбасада“износот „1.180.000“ се заменува со „1.454.400“, а износот од колоната „Вкупно“ „12.802.600“ се заменува со „13.077.000“.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/4
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

161.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/5
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/5
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година(„Сл.гласник на Општина Велес“бр. 22/06) во табеларниот дел „ III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени и дополнувања:

III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА

- Во реден број 1 „ Наменска дотација – основно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „16.607.032 “ се заменува со „13.285.626“ и во колоната „Вкупно“ износот „16.607.032 “ се заменува со „13.285.626 “.

- Во реден број 2 „ Наменска дотација – средно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „6.464.612 “ се заменува со „5.171.690“ и во колоната „Вкупно“ износот „6.464.612 “ се заменува со „5.171.690 “.

- Во реден број 3 „ Наменска дотација – превоз“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „3.741.984 “ се заменува со „2.993.587“ и во колоната „Вкупно“ износот „3.741.984 “ се заменува со „2.993.587 “.

- Во реден број 4 „ Приходи од самофинансирање- основно образование“ во колоната „Предвидени средства – сопствени приходи“ износот „15.290.100 “ се заменува со „15.540.100“ и во колоната „Вкупно“ износот „15.290.100 “ се заменува со „15.540.100 “.

После позиција под ред. број 7 се додаваат две нови позиции 8 и 9 и тоа:

- Позиција под ред. бр. 8 „ Блок дотација – основно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ се внесува износот„37.786.961“ и во колоната „вкупно“ се внесува износот „37.786.961“.

- Позиција под ред. бр. 9 „ Блок дотација – средно образование“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ се внесува износот„19.850.424“ и во колоната „вкупно“ се внесува износот „19.850.424 “.

Во позицијата „Вкупно“ глава „ III ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА “ се вршат следните измени: „Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ износот „26.813.628 “ се заменува со „79.088.288“, во колоната „сопствени приходи“ износот„28.303.600“ се заменува со износот „28.553.600“ и во колоната „Вкупно“ износот „55.117.228 “ се заменува со „107.641.888“.

Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во „„Предвидени средства – Министерство за образование и наука“ “ износот „26.813.628“ се заменува со „79.088.288“, во колоната „Сопствени приходи“ износот „28.303.600“ се заменува со „28.553.600“а во колоната „Вкупно“ износот „59.117.228“ се заменува со „110.841.888“.

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/5
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

162.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/6
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/6
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 год.донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита („Службен гласник на Општина Велес“ бр.22/06 и 1/07),

се вршат следните измени во табеларниот преглед:

Во глава I „Активности “

- во позицијата под реден број 1 – „Дневен центар за социјална инклузија на воспитно запуштени деца“, во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „280.000“ се заменува со износот „193.408“, од колона „донација“ износот „240.000“ се брише, а износот вкупно „520.000“ се заменува со „193.408“.

- во позиција под реден број 2 „Народна кујна“ - во колоната предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „450.000“ се заменува со износот „1.050.000“; во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „200.000“ се брише, а износот вкупно „650.000“ се заменува со „1.050.000“.

- позиција под реден број 3 „Прифатилиште за жртви од семејно насилство“ се брише во целост.

- позиција под реден број 4 „Дневен центар за лица со посебни потреби“ се брише во целост.

- во позицијата под реден број 5 „ Сервис служба за дотур на храна и лекови на стари и изнемоштени лица“ во колоната „Предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика“ износот „145.500“ се брише, а износот во колона „Вкупно „202.500“ се заменува со „57.000“.

- позиција под реден бр. 6 „ Организирање на едукации за надминување на социјалните проблеми поврзани со девијантното однесување “ се брише во целост.

-во позиција под реден број 8 „Промовирање на родовата рамноправност“, од колона „донација“ износот „60.000“ се брише, а износот вкупно „90.000“ се заменува со „30.000“.

-позиција под реден бр. 9 „ Набавка на социјални пакети“ се брише во целост.

-позиција под реден бр. 10 „ Солидарен фонд за парична помош “ се брише во целост.

-позиција под реден бр. 6 „ Организирање на едукации за надминување на социјалните проблеми поврзани со девијантното однесување “ се брише во целост.

-во позизија под реден бр. 7 „Адаптирање на простор за отворање на дневни центри“ во колоната „Предвидени средства од Општина Велес“ се внесува износот „200.000“, во колона „донација“ износот „500.000“ се брише, а во колона „Вкупно„ износот„500.000“ се заменува со „100.000“.

-во глава I „Активности“ редните броеви се поместуваат и завршуваат заклучно со реден број 7.

-во глава I „Активности“, во позиција „вкупно“ се вршат следните измени: Во колона предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „1.231.500“ се заменува со износот „1.050.000“; во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „992.000“ се заменува со „333.408“, во колоната „донации“ износот „1.191.767“ се заменува со „517.000“, а износот вкупно „3.415.267“ се заменува со „1.900.408“.

· **Во глава II Трансфер на средства**

-во позиција под реден број 2 „Наменска дотација – Детска градинка“ во колона „Предвидени средства од МТСП“ износот „5.326.471“ се заменува со „3.639.755“, а во колона вкупно износот „5.326.471“ се заменува со „3.639.755“.

-во позиција под реден број 2 „Приходи од самофинансирање Детска градинка“ во колона „Сопствени приходи“ износот „8.200.000“ се заменува со „11.200.000“, а во колона вкупно износот „8.200.000“ се заменува со „11.200.000“.

-после реден број 2 се додава нова позиција „ред. бр.3 Блок дотација – Детска градинка“ каде во колона „Предвидени средства од МТСП“ се внесува износот „7.853.274“ и во колона „вкупно“ се внесува износот „7.853.274“.

-во позиција вкупно со колоната Предвидени средства од МТСП“ износот „5.326.471“ се заменува со „11.4093.029“, во колоната „Сопствени приходи“ износот „8.200.000“ се заменува со „11.200.000“, а во колона вкупно износот „13.526.471“ се заменува со „22.693.029“.

На крајот на табеларниот преглед, во позицијата „СЕ ВКУПНО“ се вршат следните измени: Во колона предвидени средства од Министерството за труд и социјална политика износот „6.557.971“ се заменува со износот „12.543.029“; во колона Предвидени средства од Општина Велес износот „992.000“ се заменува со „533.408“, во колоната „донации“ износот „1.191.767“ се заменува со „17.000“, во колоната „сопствени приходи“ износот „8.200.000“ се заменува со „11.200.000“, а износот вкупно „16.941.738“ се заменува со „24.293.437“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/6
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

.

163.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/7
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/7
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за2007 година (Сл.гласник на Општина Велес бр. 22/06) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во табелата: А) Инфраструктура:

- точка А2 – „Инфраструктурно опремување на крајбрежен појас на езеро Младост“ износот 12.740.000,00 денари се заменува со износот 10.740.000,00 денари;

- точка А3 – „УЗУС – мало стопанство“ во целост се брише;

- вредноста на вкупниот износ: 17.440.000,00 денари, се заменува со 13.440.000,00 денари.

2. Во табелата Б) Образование и обуки:

- во точка Б1 – „Воспоставување на општински образовен портал“ износот во висина од 592.100,00 денари се заменува со 327.046,00 денари;

- во точка Б1 - „Воспоставување на општински образовен портал“ се додава подточка „Други извори и донации“, а во колоната „Предвидени средства“ се внесува износ: 1.117.300,00 денари.

- во точка Б2 – „Поддршка на слободните интернет пристапни точки“ се брише подточката „Оризари“ во целост.

- вредноста на вкупниот износ: 1.060.100,00 денари се заменува со 1.840.346,00 денари.

3. Во табелата В) Поддршка на претприемништво:
точката В1 се брише во целост.

4. Во делот „Финансирање“:

- Висината на вкупната вредност 18.730.100,00 денари се заменува со вредноста 15.480.346,00 денари.

5. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/7
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

.

164.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарна заштита за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарна заштита за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/8
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3952/8
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 5 од Законот за пожарникарство (“Службен весник на РМ”бр.67/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2007 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2007 година (“Службен гласник на Општина Велес” бр.22/06, 15/07) се врши измена:

Во глава IV – Распоредување на финансиски средства „Трансфер на средства“ бројот „8.873.300,00 се брише и се заменува со бројот „9.098.300,00 “,

Во табела „Приходи“ во точка 1 „Наменска дотација“ бројот „8.873.300,00“ се брише и се заменува со бројот„ 9.098.300,00 “.

Во делот Вкупно 1-2 бројот „10.443.300,00“ се брише и се заменува со бројот „10.668.300,00“.

Во табела „Расходи“ во делот Вкупно 1-7, бројот 10.443.300,00“ се брише и се заменува со бројот „10. 668.300,00“.

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-3952/8
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

.

165.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисија за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.09.2007 година.

Број 0801-3970/9
19.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02) , член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес”бр.12/07),а согласно Одлуката за давање намена на дел од објект сопственост на Општина Велес за с.Иванковци („Сл.гласник на Општина Велес” бр.6/07 и 8/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претседател и членови на Комисија за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци

1. За претседател на Комисијата за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци се именува:

- Александар Костовски самостоен референт во Општина Велес

2. За членови на Комисијата за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци се именуваат:

- Бејхан Мемедов член на Советот на Општина Велес
- Сашко Петров жител на село Иванковци

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Велес”

Број 0701-3952/9
18.09.2007 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

166.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 24, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес бр.12/06) и член 124 од Деловникот на Советот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес бр.12/07),

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 18.09.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на висината на паричниот износ за користење на службени моболни телефони на членовите на Советот на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на паричниот износ за користење на службени мобилни телефони на членовите на Советот на Општина Велес.

Во паричниот износ е вклучен и ДДВ и истиот изнесува:

600 денари месечен износ за членовите на Советот,

800 денари месечен износ за координаторите на советничките групи.

Член 2

Членот на Советот има задолжено мобилен апарат марка „Nokia 1600“ (видно од потпишана премница бр. 0503-1611/1 од 13.04.2007 година).

Правото на користење на мобилниот апарат членот го стекнува со денот на приемот на мобилниот телефон и трае до истекот на неговиот мандат. По престанокот на мандатот тој е должен да го врати на стручните служби во Општина Велес.

Член 3

Членот на Советот е согласен доколку го надмине дозволениот месечен износ утврден во член 1 на оваа Одлука, износот кој е надминат да му биде одземен од паричниот надоместок остварен во тој месец за одржување на седница.

.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од месец септември и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 1001- 3848/3
18.09.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за мандатни прашања,
избори и именувања
Дејан Гавазов с,р.

167.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), и член 98, став 10 од Законот за измана и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.63/04),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 20.07.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на ВД директор на Општинското основно училиште „Благој Кирков" - Велес

1. За вршител на должност – директор на Општинското основно училиште „Благој Кирков" – Велес се именува:

- Живко Пренџов - професор.

2. Вршителот на должноста директор ке ги има сите права и обврски како директор на Општинското основно улилиште.

3. Функцијата Вршител на должноста директор ке ја извршува се до изборот на директор на Општинското основно улилиште, но не подолго од 6 (шест) месеци.

4. Ова Решение стапува во сила веднаш од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-3209/1
20.07.2007година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с,р.

Бр на акт **Страница**

157	**З А К Л У Ч О К** **за објавување на Одлуката за одржување на спомениците и спомен обележјата на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за одржување на спомениците и спомен-обележјата на територијата на Општина Велес**	213
158	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто такси превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	214
159	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година**	214
160	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година** **ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година**	216
161	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година** **ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година**	218
162	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година**	219

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2007 година

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2007 година

163 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година** **221**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2007 година

164 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарна заштита за 2007 година** **222**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2007 година

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2007 година

165 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци** **223**

Р Е Ш Е Н И Е за именување претседател и членови на Комисија за спроведување на постапката за издавање под закуп на простор сопственост на Општина Велес за с.Иванковци

166 **О Д Л У К А за утврдување на висината на паричниот износ за користење на службени моболни телефони на членовите на Советот на Општина Велес** **223**

167 **Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД директор на Општинското основно училиште „Благој Кирков“ - Велес** **224**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00